*Во рамките на „Охридско лето“*

# Премиера на балетската претстава „Леди Магбет“

Во рамките на фестивалот “Охридско лето“ во средината на овој месец е закажана премиерната изведба на балетската претстава “Леди Магбет“ во кореографија и режија на Рисима Рисимкин, музиката е на “Драган Даутовски-Квартет“, а сценографијата е на Владо Мицевски. Претставата која ќе биде изведена на 23 јули пред црквата “Св. Софија“, е работена според драмата “Магбет“ од Шекспир, но во овој случај има сосема поинаков пристап, а ова се однесува пред сѐ на музиката која ќе биде изведена во живо. Во претставата главната улога и де доделена на Ирена Ветерова, гостинка од Германија, која ќе настапи во улогата на леди Магбет, потоа Андреј Измјестев од Естонија кој живее и работи во Загреб, а од балетот при МНТ учествуваат сите млади сили, а тоа се, Марија Јосифовска, Марија Кичевска, Олга Боев, Наташа Николова, Кире Павлов, Алаксандра Стефановиќ, Драган Кочовски, Елисавета Скаловска. Со оваа претстава ќе биде отворена сезоната во септември, кога околу 25 во месецот ќе се одржи премиерната претстава во Скопје. Како што истакна на вчерашната претстава Рисима Рисимкин овде се работи за психолошка драма којашто музички е поткрепена од авторскиот потпис на Драган Даутовски. Посебен куриозитет на претставата е што музиката ќе се изведува во живо од “Драган Даутовски-квартет“, и тоа потполно се вклопува во модерните светски трендови, особено во модерниот балет. Основата во претставата е земена од класична драма и е надополнета со музика која е типична за нашите простори, се разбира во стилот на Драган Даутѕовсаки, истакна Рисима Рисимкин на вчерашната конференција за печат.

Владо Мицевски се јавува како дизајнер на оваа балетска претстава.

“На просторот пред црквата “Св. Софија“ досега се случувале драмски претстави а сега за прв пат на овој простор ќе биде изведена една балетска претстава, па оттука и просторот ќе биде дизајниран за потребите на оваа балетска претстава. На нашата сцена не се случуваат често претстави со модерен балет, во овој случај музиката ќе биде изведувана во живо, а тоа е нешто што и дава автентичност, рече Владо Мицевски.

“Музиката е готова повеќе од 90 проценти, меѓутоа има еден сегмент којшто ќе се создава од наша страна не само од музички аспект, туку и од кореографската страна, така што тоа е и убавината на она што значи да се понуди нешто ново, а тоа е моменталната инспирација, мислам дека и тука е предноста на овој проект што го работиме, вели авторот на музиката Драган Даутовски. Овојпат квартетот си го задржува својот препознатлив стил, меѓутоа има многу елементи што спаѓаат во модерните текови, така што имаме малку помодернистички третман на нашиот инструментариум, на нашиот музички израз, рече Даутовски. Како главен донатор на оваа претстава се јавува Тутунскиот комбинат од Скопје е донатор на претставата. (Г.М.Б.)

Утр. бл. стр. 11.7.2001. стр. 15